Бр. 07-972/3-1
07.07.2010
Б и т о л а

Врз основа на член 52 алинеа 16 од Законот за високото образование, Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, на 83-та седница одржана на ден 07.07.2010 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**

1. Се усвојува Рефератот на рецензионата комисија, објавен во Билтенот Бр. 336 на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, за избор на наставник по предметот Маркетинг информациски систем на Економскиот факултет - Прилеп и во звањето ***редовен професор*** се избира ***д-р Каролина Илиеска.***
2. Со овој избор во редовен професор *д-р Каролина Илиеска* заснова работен однос на неопределено време и го задржува звањето редовен професор доживотно.
3. Правата и обврските од работниот однос *проф. д-р Каролина Илиеска* ги остварува во согласност со Законот за високото образование, Законот за работните односи, друг закон, колективен договор и други акти на Универзитетот и Факултетот, за што соодветен договор ќе склучи со Економскиот факултет - Прилеп.
4. Оваа Одлука влегува во сила и ќе се применува со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Економскиот факултет - Прилеп распиша Конкурс за избор на наставник по предметот Маркетинг информациски систем, кој го објави во дневниот весник „Утрински весник “ на ден 04.03.2010 година.

На Конкурсот се пријави само кандидатот професор д-р Каролина Илиеска.

Наставно-научниот совет на Економскиот факултет - Прилеп, на својата седница одржана на ден 31.03.2010 година, со Одлука бр. 02-709/1, формира Рецензиона комисија за избор на наставник по предметот Маркетинг информациски систем, во состав: проф. д-р Адријана Ристеска, проф. д-р Маргарита Јанеска и проф. д-р Лазар Стојаноски.

Рецензионата комисија изготви Реферат за избор на наставник по предметот Маркетинг информациски систем, кој беше објавен во Билтенот Бр. 336 на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола.

Во својот заклучок и предлог, Рецензионата комисија му предложи на Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола да ја избере проф. д-р Каролина Илиеска за наставник по предметот Маркетинг информациски систем, во звањето редовен професор.

Врз основа на членот 52 алинеа 16, а во согласност со членот 125 од Законот за високото образование, Универзитетскиот сенат, на 83-та седница одржана на ден 07.07.2010 година, го усвои Реферaтот на Рецензионата комисија и ја избра проф. д-р Каролина Илиеска во звањето редовен професор по предметот Маркетинг информациски систем, на Економскиот факултет - Прилеп, а одлучи и по другите точки содржани во изреката на Одлуката.

Во согласност со членот 134 од Законот за високото образование, проф. д-р Каролина Илиеска со овој избор во редовен професор заснова работен однос на неопределено време и го задржува звањето редовен професор доживотно.

Подготвил и одобрил:
м-р Офелија Христовска

**Проф. д-р Златко ЖОГЛЕВ,**
**Ректор**

Доставено до:
- Архивата на Универзитетот
- Секретарот на Факултетот
- Професорот